Поддржувачи на настанот:

Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Slow Food® Macedonia

Стилник

МИ-ВА МЕД

НЕКТАРКООП

Hotel Premier

ПЧЕЛАРСКИ ДЕН - ЗНАЕЊЕ И ДРУЖЕЊЕ

15 декември 2019 година, Скопје

MacBee

Apis mellifera macedonica

ЗГ „Македонска пчела“ - Негорци

Македонско здружение за заштита на автохтоната македонска медоносна пчела (*Apis mellifera macedonica*)

Почитувани,

Македонското здружение за заштита на автохтоната македонска медоносна пчела (*Apis mellifera macedonica*) – MacBee, со задоволство ви го претставува настанот „Пчеларски ден - знаење и дружење“. Настанот ќе понуди повеќечасовна програма која вклучува презентаци од информативен и едукативен карактер.
MacBee по петти пат традиционално ја организира манифестацијата „Пчеларски ден - знаење и дружење“, каде на едно место се собрани ценети домашни и странски научни експерти од областа на пчеларството, професионални пчелари и пчелари ентузијасти и љубеници во пчеларството. Овој настан претставува одлична можност за надградба на вашето знаење за пчеларството и информирање за активностите на нашето здружение, како и размена на искуства и контакти со домашни и странски пчелари.

Затоа, со особена чест ве покануваме да бидете дел од ова едукативно пчеларско дружење и со вашето присуство да дадете значаен придонес кон подигнувањето на квалитетот на овој настан.

Со почит,

Организационен Одбор на „Пчеларски ден - знаење и дружење“

Датум:

15 декември, 2019 година (недела)

Локација:

Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
Бул. Александар Македонски б.б.,
нас. Автокоманда , 1000 Скопје

(Амфитеатар број 40)

Регистрација за присуство на настанот:

Партиципацијата за учество на настанот изнесува **400 денари**. Пчеларските здруженија и организирани групи може да извршат и групна уплата за над 10 учесници по цена од **350 денари**, а после уплатата треба да доставаат соодветна листа на групата на e-mail адресата: **macbee.pcelarskiden@gmail.com**. На секој учесник ќе му биде доделен сертификат за учество на настанот и подарок - пакет со три прирачници од областа на пчеларството. Рокот за регистрација за присуство на настанот е до **10-ти декември 2019 година** или до пополнување на бројот на учесници кој е ограничен на 200 лица.

Начин на регистрација:

Преку уплата на наведената сума на жиро сметката на здружението MacBee на следниов начин:
Примач: Македонско здружение за заштита на македонската автохтона медоносна пчела - с. Негорци, Гевгелија
Банка: Шпаркасе Банка Македонија
Жиро сметки:
250-0010027640-92 денарска,
МК07-250-0010027640-92 девизна
Цел на дознака: Учество на „Пчеларски ден - знаење и дружење“

Програма на настанот:

8:30 - 10:00	**Регистрација на учесниците**
10:00 - 10:15	**ПОЗДРАВЕН ГОВОР И ОТВОРАЊЕ НА НАСТАНОТ -** Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ, декан на Факултетот за земјоделски науки и храна
10:15 - 10:30	**РЕАЛИЗИРАНИ, ТЕКОВНИ И ИДНИ АКТИВНОСТИ НА MacBee,** Дипл. зем. инж. Горан Алексовски, претседател на MacBee
10:30 - 11:15	**СЕЛЕКЦИСКИ ПРОГРАМИ ЗА ГЕНЕТСКО ПОДОБРУВАЊЕ НА МЕДОНОСНИТЕ ПЧЕЛИ,** Проф. д-р Александар Узунов, Факултет за земјоделски науки и храна
11:15 - 11:45	**КАФЕ ПАУЗА**
11:45 - 13:30	**НАШ НАЧИН НА ПЧЕЛАРЕЊЕ*,** Ана Пернер,професионален пчелар, Австриско здружение на одгледувачи на *A. m. carnica*
13:30 - 13:35	**ЗАТВОРАЊЕ НА НАСТАНОТ**

* обезбеден симултан превод на македонски јазик

www.macbee.org
www.facebook.com/macbee.org
macbee.pcelarskiden@gmail.com